Верица СТАМЕНКОВА-ТРАЈКОВА

# СТРУКТУРА НА ВРЕДНОСНИОТ СИСТЕМ КАЈ СТУДЕНТИТЕ ОД ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ

## Вовед

Поимите „вредност“ и „вредносен систем“ кои се користат во повеќе науки во обласста на психологијата најпрвин се јавиле во рамките на социјалната психологија. Денес, кога вредностите се користат широко во повеќе психолошки дисциплини, социјалната психологија сè уште останала водечки теоретски концепт во кој овој проблем продолжува да се разработува. (Schwartz, 1990, 1991)

Постојат повеќе причини за широкото проучување на вредностите во психологијата меѓу кои се и следните: вредностите имаат низ функции битни за поединецот и неговото снаоѓање и прилагодување во социјалната средина. Вредностите се значајни за чувството на личен идентитет и интегритет на личноста. Тие имаат и одредена функција во разрешување на конфликти, бидејќи претставуваат арбитрар во борбата на различни мотиви. На социјален план вредностите внесуваат елементи на предвидливост во општественото живеење, бидејќи на основа на системот на вредности може да се предвиди однесувањето на поединецот. Битни се и за функционирањето и оддржувањето на групната рамнотежа и кохезија, бидејќи се интегрален дел на групните норми.

Нивното проучување е особено актуелно во периоди на значајни општествено-политички и социјално-економски промени, периодот во кој подолго време се наоѓа нашата држава, Периодот на транзиција како период на прелом меѓу два система-системот на диригирано стопанство, договорна економија и еднопартизам и системот на пазарна економија и плурализам во кој е создаден вакум меѓу нивните идејно-вредносни и материјални матрици е особнео интересен за истражување на матрицата на вредности кај луѓето, а особено кај младите кои се и главните покренувачи на промените во општеството. Иако толку значајно - ова прашање е недоволно присутно во современите социјално-психолошки истражувања кај нас. Со жалење можеме да констатираме дека постои едно единствено истражување на идеалните и

вредностите кај младите во Македонија изршено во 1989/90 год. непосредно пред најзначајните општествено-политички и други промени чии резултати, како заклучуваат неговите автори, веднаш по промените во Државата се недоволно валидни, бидејќи во тој период и периодот што следеше се случија значајни промени во вредносниот профил на луѓето, а особено на младите.

Ваквите согледувања на авторот на овој труд беа повод за неколку истражувања на проблемот на вредностите и вредносните определувања кај младите во Р. Македонија (В. Стаменкова-Трајкова, 1991/92; 1993; 1994). Резултатите од овие истражувања упатија на заклучокот дека општествените и други промени во земјата значајно влијаеле врз вредносниот систем на младите; во периодот непосредно по промените на системот дошло до значјнии промени во вредносната матрица; во следниот период (по четири години) дошло до поново враќање на некои вредности кои во периодот непосредно по промените беа напуштени.

Потребата од пошироко елаборирање на прашањето за вредностите во нашата научно-истражувачка активност, беше една од причините за нашето вклучување во меѓународниот проект под наслов: „Вредносните конфликти и нивно разрешување во периодот на социјално-политичките промени во Р. Македонија", во кој се вклучни 164 земји а со кој раководи проф. Шалон Шварц од Јерусалим Универзитетот. Овој труд е дел од овој проект и во него ќе се осврнеме на прашањето за вредносната матрица на студентите (кои се дел од примерокот кој е сочинет уште и од наставници, бизнисмени, невработени), со посебен акцент на вредносната матрица на студентите од Филозофскиот факултет.

## 1. Теоретски проблеми во дефинирањето и психолошката анализа на вредностите

Широкото користење на поимите „вредност", „вредносен систем" во општествените науки и во психологијата довело до појава на дијаметрално спротивни гледишта. Едни, кои со поимот „вредност" означуваат психичка целина која нема реално покритие во стварноста (Skiner, 1971). Други, кои ја порекнуваат неговата корисност, затоа што овој поим го сметаат за двојник на поимот „мотив" (Epsteen, 1989). Исто така и сфаќањата за обемот на овој поим значајно се разликуваат. Морис го разгледува многу широко како најопшто филозофско сфаќање за човековата природа (Kluckhohn & Strodtbeck, 1961). Некои автори вредностите ги разгледуваат како одраз на валентноста на

предметите, други, како определени критериуми за типологија на личностите. Според Олпорт, вредностите укажуваат на одредено релевантно однесување, заради што можат да се користат за објаснување на социјалното однесување (Allport, 1961).

Сето тоа го усложнило и одговорот на прашањето „што е вредноста“. Во современите социјално-психолошки истражувања вредностите се определуваат како диспозиции кои се централни за човекот. Како преферирани начин на поведение или крајни цели распределени по континуум на значајност (Rokeach, 1973); или како посакувани општи цели, кои служат како водечки принципи со различно значење за човековиот живот (Schwartz & Bilski, 1990). Кузмановиќ (1990) смета дека не може да се зборува за вредностите независно од човековите убедувања и стремежи. Во склад со тоа истиот автор вредностите ги дефинира како систем на уверување на лични или општествено пожелни начини на однесување, видовите на активности и релевантно трајните состојби во природата и општеството.

Поаѓајќи од сфаќањето на Рокич, Бајчинска истакнува дека вредноста претставува идеален проект за квалитетот на самата животна активност, а исто така и проект за квалитетот на нејзиниот субјект (Бајчинска, 1994). Вредностите спрема истиот автор се само еден од можните типови на проекти на животната активност.

И покрај различните определувања и употреби на овој поим можат да се издвојат неколку битни карактеристики кои ги содржат дефинициите на поимот „вредност“. Тие се: вредностите се диспозиции насочени кон остварување на цели кои се вредни за човекот; тоа се диспозиции кои ја покренуваат на активност; тие имаат висока мотивациска структура и претставуваат проценка и избор.

Авторот на ова истражување, имајќи ги во вид претходните сфаќања вредностите ги определува како „диспозиции за одредено однесување насочено кон остварување на посакувани и животно важни цели“ (В. Стаменкова-Трајкова, 1992).

## 2. Вредносен систем

Поимот „вредносен систем“ се чини е поодреден и од најголем број автори се прифаќа како севкупност-збир на вредности. Вредносниот систем е интегрален облик кој вклучува разни вредности но не е сводлив на нив (Бајчинска, 1994). Од овој аспект основната карактеристика на вредностите се состои во нивниот системски карактер, во нивната структурна ориентација. Од таа гледна точка идеалната форма на квалитетот на животната активност се определува не од одредена вредност туку од збирот на вредности-од вредносниот систем.

Предложените определувања на вредностите и вредносниот систем ја наметнаа претпоставката за тоа дека тие можат да бидат разгледувани и како стандарди или критериуми за оценување, но и за опишување на посакуваните индивидуални или социјални животни цели.

## 3. Психолошки модели на вредносниот систем

Теоретската анализа на постојните психолошки модели на вредносниот систем покажа дека опстојуваат два спротивставени пристапа кон неговата структура. Првиот наречен „Енергетски“ чии претставници ја разгледуваат структурата на вредностите пред сѐ од енергетска гледна точка, односно како збир на вредности подредени по сила (јачина) или интензитет. (Rokeach, 1973).

Во рамките на истиот, структурата се интерпретира од аспект на интензитет на одредените вредности.

Вториот, наречен содржински или „семантички“ чии претставници ја интерпретираат структурата на вредносниот систем од аспект на мотивациската насоченост на одредени типови на вредности. Тие се интересираат пред се за категориите кои одделните вредности ги формираат, а исто така и за нивните односи кон конфликтот или взаемното надополнување. (Schwartz & Bilski, 1990).

Во „енергетскиот“ пристап интересот е насочен кон промените во вредносниот систем, а кај „содржинскиот“, кон неговата стабилност и универзален карактер.

Различните сфаќања за структурата на вредносниот систем довеле и до разлики во користените методи за истражување на вредностите: „енергетскиот“ пристап користи споредување и рангирање, додека основна метода во „содржинскиот“ пристап е скалирањето.

Бајчинска прави обид за синтетизирање на овие два пристапа, барајќи ја врската меѓу двете интерпретации на структурата на вредносниот систем и нуди нивна интеграција во рамките на трет пристап, во кој разработува задоволителен модел на структурата на вредносниот систем-нарекувајќи го „хоризонтално-вертикален модел.“

Во овој модел структурата на вредносниот систем е од хоризонтално-вертикален тип, односно, вредносниот систем вклучува неколку хиерархиски нивоа. Вредностите кои се наоѓаат во различно ниво имаат и различно значење за поединецот. Истовремено со тоа, секое ниво ги обединува вредностите со приближно значење за личноста. Всушност, хоризонтално-вертикалниот модел е своевидна „синтеза“ на спротивставени модели.

Во нашето истражување го користиме Рокеровиот модел, во рамките на кој структурата на вредносниот систем ја интерпретираме од аспект на интензитетот на одделни вредности.

## 4. Предмет, цели и задачи на истражувањето

Предмет на истражувањето е структурата на вредносниот систем на студентската популација; посебно структурата на вредносниот систем на студентите од Филозофскиот факултет и разликите во вредносните определувања на студентите од различни факултети при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје. Целта е анализа на енергетската структура на вредностите во вредносниот систем на испитаниците-студенти од Филозофскиот факултет и од повеќе други факултети; споредување на разликите во структурата на вредносните системи меѓу студентите од Филозофскиот и студентите од другите факултети на Универзитетот; утврдување на постојните разлики и нивната значајност меѓу испитаниците од различен пол и националност.

### Задачи

Во согласност со предметот на истражување ги поставивме следните задачи:

-да се проучат особеностите на структурата на вредносниот систем на целиот примерок; на испитаниците од различн пол;

-особеностите на структурата на вредносниот систем на студентите од Филозофскиот факултет;

-структурата на вредносниот систем на студентите од другите факултети опфатени во истражувањето;

-да се направи рангирање на вредностите према нивното значење за студентите од секој факултет посебно и да се утврдат сличностите и разликите во изборот на вредности помеѓу студентите од Филозофскиот факултет и студенти од другите факултети

-низ статистичка анализа да се утврди значајноста на разликите во структурата на вредносните системи меѓу испитаниците од различни групи.

## 5. Хипотези

Претпоставивме дека испитаниците (студенти) од целиот примерок како водечки принцип во животот ги преферираат Универзал-

ните вредности кои значат приватност, самопочитување, лична и општествена сигурност.

### Помошни хипотези

1. Не постојат значајни разлики во структурата на вредносните системи меѓу студентите од Филозофскиот факултет и студентите од целата група.

2. Постојат значајни разлики во структурата на вредносните системи меѓу испитаниците од различен пол.

3. Постојат значајни разлики во структурата на вредносните системи меѓу испитаниците од различна националност.

Последниве две хипотези потекнаа од претпоставката за влијанието за разликите во воспитанието.

## 6. Методологија

За проучување на хиерархијата на вредностите во вредносниот систем на испитаниците го користевме моделот на еднолиниска вертикална хиерархија (Рокиќ), према кој вредностите се рангирани на основа на избор на скала на процена која содржи девет степена (-1 до 7). Со -1 се означуваат вредностите кои се спротивни на животните принципи на испитаникот. Со зголемувањето на бројот расте значајноста на вредноста. Најголемо значење како водечки принцип во животот на испитаникот има вредноста која тој ја означил со бројот 7.

За испитување на статистичката значајност на разликите во вредносните системи на различните групи испитаници се користат следните статистички мерки:

М-аритметичка средина; - стандардно отстапување; D-разлики меѓу аритметичките средини; Sed-значајност на разлики меѓу М. За тестирање на нултата хипотеза се користи t-тестот.

Резултатите графички се претставени со табели и графикони.

Инструмент на испитувањето е листа од 30 вредности со различна содржина.

### Испитаници

Популацијата од која е избран примерокот се студенти од седум факултета при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Примерокот го

чинат 334 студента од кои: 124 се од Филозофскиот факултет; 53 од Педагошкиот факултет - Штип; 48 од Педагошкиот факултет во Скопје (албанци) 35 се од Природно математичкиот факултет; 33 од Факултетот за ликовна и музичка уметност и 41 од Филолошкиот факултет (албанологија).

Од нив македонци се 245 и албанци 89.

Од машки пол се 107 испитаници, а од женски 227.

## 7. Резултати и дискусија

Да би стекнале првичен впечаток за вредносните определувања на испитаниците од целиот примерок и степенот на важност на секоја вредност, добиените податоци од целата листа (30 вредности) ги подредивме во еднолиниски вертикален ранг (Табела 1 во прилогот). Рангирањето е направено према висината на аритметичката средина и стандардното отстапување.

### 7.1. Особености на структурата на вредносниот систем на испитаниците од целиот примерок

Табелата 1 во прилогот го покажува местото на секоја од 30 вредности, наредени према значењето што го имаат за испитаниците. Значајноста на секојá вредност и местото на вредносната хиерархија се определува на основа на висината на статистичките параметри. Така, првиот ранг го добива вредноста која е оценета како најзначајна од најголем број испитаници, последниот, го завзема вредноста која добила најмал број на позитивни избори и е оценета како нај не значајна за најголем број испитаници.

Анализата за Табела 1 покажа: како водечки принципи во животот за испитаниците од студентската популација имаат вредностите кои одразуваат животно важни цели меѓу кои: смисол во животот, внатрешен мир-хармонија со себе и во себе, сигурност на блиските, верување во сопствените вредности, зрело разбирање на животот (мудрост длабока емоционална и духовна интимност, вистинско пријателство и тн. слобода на мислењето и делувањето и тн. Најнепривлечни како животни принципи за студентите се вредностите од типот: реципроцитет во услугите (услужливост), возбудлив живот, општествено признание и тн.

### 7.2. Разлики во структурата на вредносните системи меѓу испитаниците од целиот примерок и испитаниците од Филозофскиот факултет.

Проверката на претпоставката за непостоење на значајни разлики во структурата на вредносниот систем на студентите од Филозофскиот факултет, односно дека за нив како и за другите студенти повеќето вредности имаат исто значење како животно важни принципи покажа: најголем број од вредностите имаат исто значење за двете групи; значајни разлики постојат само кај три вредности; мир во светот (свет ослободен од војни), учтивост и задоволство, кои за студентите од целата група имаат повисоко значење. Како поважни студентите од Филозофскиот факултет ги бараат вредностите: креативност, свет на убавина, единственост со природата. Слика 1.




Значајни разлики
3. Мир во светот
11. Учтивост
12. Задоволство
17. Креативност
18. Свет на убавината
27. Единственост со природата

Слика 1. Разлика во вредносниот систем помеѓу студентите од целиот примерок и студентите од Филозофскиот факултет.

### 7.3 Разлики во структурата на вредносните системи меѓу испитаниците од Филозофскиот факултет и испитаниците од другите факултети.

Нулта хипотеза од која појдовме гласи: не постојат значајни разлики во вредносните системи меѓу студентите од Филозофскиот факултет и студентите од другите факултети. Проверката на истата за секој од факултетите кои се опфатени со испитувањето покажаа:

### 7.3.1. Значајност на разлики во структурата на вредносните системи на студентите од Филозофскиот факултет и Педагошкиот факултет-Штип.

Резултатите од испитувањето се покажани на Слика 2.




Значајни разлики
2. Внатрешна хармонија
3. Семејна сигурност
9. Слобода
11. Креативност
16. Учтивост
17. Задоволство
30. Услужливост

Слика 2. Разлика во вредностниот систем помеѓу студентите на Филозофскиот факултет и Педагошкиот факултет -Штип

Споредени вредносниот систем на студентите од Филозофскиот факултет со вредносниот систем на студентите од Педагошкиот факултет-Штип покажаа значајни разлики во преференцијата на шест вредности: внатрешна хармонија, семејна сигурност, слобода и креативност кои имаат повисоко значење како водечки принципи за студентите од Филозофскиот факултет, учтивост, задоволство и услужливост кои се позначајни за студентите од Педагошкиот факултет-Штип. Другите вредности за двете групи студенти имаат поизедначено значење. Треба да се истакне дека сите тие имаат исто така висока средна вредност (што значи дека не се незначајни и за едните и за другите, но сепак едни се позначајни за едната група, други за другата).

### 7.3.2. Значајности на разлики во структурата на вредносниот систем меѓу студентите од Филозофскиот и Природно-математичкиот факултет (Слика 3).




Значајни разлики
4. Самопочитување
21. Разновиден живот
29. Единственост со природата

Слика 3. Разлика во вредностниот систем помеѓу студентите на Филозофскиот факултет и ПМФ

Анализата на сличностите и разликите во вредносните системи на овие две групи испитаници покажа: студентите од двата факултета придаваат скоро подеднакво значење на повеќе вредности; значајна разлика меѓу групите постои за вредностите „самопочитување“ разновиден живот и единственост за природата кои се позначајни за студентите од Природно-математичкиот факултет. Кај другите вредности како што се мир, приватност, рамноправност постојат разлики но тие не се статистички значајни.

### 7.3.3. Значајност на разлики во структурата на вредносниот систем меѓу студентите од Филозофскиот факултет и студентите од факултетот за Ликовна и музичка уметност (Слика 4)




Значајни разлики
1. Смисла на животот
5. Мудрост
6. Зрела љубов
10. Приватност
11. Креативност
12. Рамноправност
14. Национална сигурност
16. Учтивост
19. Свет на убавината
22. Единственост со природата
30. Услужливост

Слика 4. Разлика во вредностниот систем помеѓу студентите на Филозофскиот факултет и ФЛУ и ФМУ

На графиконот 4 можат да се забележат повеќе значајни разлики во преферирање на вредностите кои имаат значајно повисока вредност: зрела љубов, креативност, национална сигурност, кои имаат поголемо значење за студентите од Филозофскиот факултет додека сите други вредности за студентите од уметничките факултети имаат значајно повисока вредност како животни принципи. Интересно е да се истакне изразито ниско значење (значајно испод средната вредност) на вредностите приватност и услужливост за уметниците што се чини малку необично за нашите очекувања за оваа категоријиа на испитаници за кои се смета дека токму тие вредности се многу значајни во животот.

### 7.3.4. Значајност на разлики во структурата на вредносниот

**систем меѓу студентите од Филозофскиот факултет и студентите од Филолошки факултет-група албанологија (Слика 5)**

Слика 5. Разлики во вредностите помеѓу студентите од Фило-




Значајни разлики
4. Самопочитување
6. Зрела љубов
8. Мир во светот
9. Слободда
11. Креативност
12. Рамноправност
13. Самодисциплина
14. Национална сигурност
15. Социјална правда
16. Учтивост
17. Задоволство
19. Свет на убавината
22. Духовен живот
26. Чувство на припаѓање
27. Респект кон традицијата
28. Возбудлив живот
29. Единственост со природата
30. Услужливост

зофски факултет и студентите од албанологија(Филолошки факултет)

Анализата на графиконот број 5 покажа: меѓу овие две групи испитаници постојат повеќе значајни разлики, разликите се на следните вредности: самопочитување и духовен живот, како значајно поважни принципи за студентите од Филозофскиот факултет; вредностите: мир во светот, зрела љубов, слобода, рамноправност, самодисциплина, национална сигурност, учтивост и задоволство и други вредности имаат повисоко значење за студентите од Филолошкиот факултет-група албанологија.

За одбележување на овие споредби се значењата на вредностите рамноправност и национална сигурност кои за втората група имаат особено високо значење.

## 7.4. Разлики во структурата на вредносниот систем на испитаниците од различен пол (Слика 6)

Слика 6. Разлика во вре-




Значајни разлики
1. Семејна сигурност
4. Внатрешна хармонија
10. Зрела љубов
23. Респект кон традицијата
24. Единственост со природата

дносниот систем помеѓу студентите и студентките во целиот примерок

Прашањето за раз-

ликите во структурата на вредносните системи кај испитаниците од различен пол го поставивме низ претпоставка за очекувани поголем број на разлики во преференцијата на одредени вредности кои традиционално се формираат уште во текот на раната социјализација на децата. Токму затоа имајќи ги во предвид разликите во воспитанието на машките и женските деца и стереотипите во сфаќањето на улогите, претпоставивме појава на повеќе разлики.

Анализата на графиконот 6 покажа: значајни разлики меѓу испитаниците од различен пол се појавија на пет вредности и тоа: семејна сигурност, внатрешна хармонија и зрела љубов кои се позначајни во животот на жените. Други две вредности се позначајни за мажите. На останатите вредности нема статистички значајни разлики меѓу испитаниците од двата пола. Овие показатели упатија на отфрлање на претпоставката за постоење на повеќе значајни разлики во структурата на вредносниот систем на припадниците од различен пол.

## 7.5. Разлики во структурата на вредносниот систем меѓу испитаниците од различна националност (Слика 7)




Значајни разлики
1. Смисла на животот
2. Внатрешна хармонија
4. Самопочитување
6. Мир во светот
10. Слобода
12. Креативност
13. Учтивост
14. Задоволство
15. Рамноправност
17. Национална сигурност
19. Свет на убавината
25. Авторитет
27. Респект кон традицијата
28. Единственост со природата
30. Услужливост

Слика 7. Разлики во вредносниот систем помеѓу студентите македонци и студентите албанци.

Анализата на графиконот 7 покажа постоење на повеќе значајни разлики во преференцијата на вредностите од понудената листа. За студентите од македонска националност особено значење имаат вредностите: смисол во животот, креативност и самопочитување. За студентите Албанци од особено значење се вредностите: рамноправност, национална сигурност, учтивост, задоволство, слобода и други. Националната припадност се чини е значаен фактор во преференцијата на одредени вредности. Можеби причина за тоа се и разликите во воспитанието, но се чини поголемо влијание имаат општествено поли-

тичката ситуација создадена низ разни апели за еднаквост на припадниците од други националности кои често се среќаваат со тврдењето на претставници на националните партии за „национална загрозеност“.

## 8. Заклучоци

Од проверката на основната претпоставка може да се заклучи:

- Студентите од повеќе факултети при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ како водечки принципи во животот ги преферираат вредностите: смисол во животот, внатрешна хармонија, семејна хармонија, вредностите кои означуваат приватност, општествена сигурност, креативност и др. Најниско на скалата на вредности се најдоа вредностите: возбудлив живот, општествено признание, реципроцитет во услугите (услужливост), и др. Овие резултати ја потврдија основната претпоставка.
- Проверка на првата од посебните хипотези покажа: Нема голем број значајни разлики во вредносните приоритети на студентите од Филозофскиот факултет и студентите од целиот примерок. Поголем број разлики се јавуваат при споредувањето на вредносниот систем на студентите од Филозофскиот факултет со одделни факултети.
- Проверката на хипотеза за постоење на повеќе значајни разлики во вредносниот систем на испитаниците од различен пол не се потврди. Се јавија значајни разлики само на неколку вредности.
- Проверката на претпоставката за постоење разлики во структурата на вредносните системи кај испитаниците Македонци и Албанци покажа постоење на повеќе значајни разлики во вредностите што е значаен процент (повеќе од една третина), што всушност значи и потврда и прифаќање на поставената претпоставка.

Генерален заклучок по проверката на поставените хипотези е: постојат разлики во вредносните системи на студентите од различни факултети но разликите се значајни само на одреден број вредности.

Табела 1. Листа на вредности за сите студенти

| ред. бр. | вредност | M | sd |
|---|---|---|---|
| 1. | Смисла на животот | 5.545 | 1.346 |
| 2. | Внатрешна хармонија | 5.356 | 1.202 |
| 3. | Мир во светот | 5.341 | 1.670 |
| 4. | Семејна сигурност | 5.225 | 1.176 |
| 5. | Вистинско пријателство | 5.108 | 1.260 |
| 6. | Зрела љубов | 5.102 | 1.491 |
| 7. | Мудрост | 5.075 | 1.312 |
| 8. | Самопочитување | 4.964 | 1.329 |
| 9. | Слобода | 4.937 | 1.317 |
| 10. | Приватност | 4.871 | 1.399 |
| 11. | Учтивост | 4.784 | 1.330 |
| 12. | Задоволство | 4.638 | 1.377 |
| 13. | Самодисциплина | 4.617 | 1.434 |
| 14. | Рамноправност | 4.593 | 1.601 |
| 15. | Национална сигурност | 4.560 | 1.629 |
| 16. | Социјална правда | 4.368 | 1.480 |
| 17. | Креативност | 4.260 | 1.636 |
| 18. | Свет на убавината | 4.147 | 1.679 |
| 19. | Социјален ред | 4.117 | 1.467 |
| 20. | Духовен живот | 3.901 | 1.974 |
| 21. | Богатство | 3.838 | 1.847 |
| 22. | Разновиден живот | 3.766 | 1.707 |
| 23. | Авторитет | 3.647 | 2.379 |
| 24. | Респект кон традицијата | 3.599 | 1.831 |
| 25. | Чувство на припаѓање | 3.584 | 2.007 |
| 26. | Социјална моќ | 3.488 | 3.224 |
| 27. | Единственост со природата | 3.434 | 1.667 |
| 28. | Возбудлив живот | 3.353 | 2.547 |
| 29. | Општествено признание | 3.335 | 1.676 |
| 30. | Услужливост | 3.260 | 2.631 |

REFERENCE

1. Allport, G.W. 1961: Pattern and growth in personality. New York, Holt Rinehart & Winston
2. Baytshinsska, K. 1994: Values. Values stress... Value crisis, Sofia, 1994
3. Epstein, S. 1989: Values from the perspective of cognitive-experimental self theory
In: Social and moral values, Individual and societal perspectives, N.J.Hillsdale.
4. Kluckhohn, C.F.L. Strodtbeck 1961: Variations in value orientation, Evanston, Row,Peterson.
5. Kuzmanović, B. 1990: Vrednosne orientacije učenika završnog razreda osnovne škole, Efekti osnovnog školovanja. Institut za Psihologiju, Beograd.
6. Morris, C., 1956: Varietes of human values. Chicago,Chicago Univ. Press
7. Rokeach, M. 1973: The nature of human values. New York, The Free Press.
8.Schwartz, S.H.,W. Bilski. 1990: Toward a theory of the universal content and structure of values. Extention and cross-cultural replications. -Journal of personality and social psychology, 58, 878-891.
9. Skinner, B.F. 1971: Beyond freedom and dignity. New York, Knopf.
10. Трajкова-Стаменкова, В. 1992: Интереси, вредности и вредносни ориентации на младите, Годишен зборник-Филозофски Факултет, Скопје.
11. Трајкова-Стаменкова, В. 1994: Општествените промени и промени во вредносниот систем на младите: Зборник на трудови - 1 Медународен Конгрес на психолози, Крушево.

Verica STAMENKOVA-TRAJKOVA

## STRUCTURE OF VALUE SYSTEM AMONG PHILOSOPHIC FACULTY STUDENTS

(Summary)

The abstract is a part of an international project „Value conflicts of and their resolving in the period of socio-political changing in R. Macedonia."

The abstract's object is the structure student's value system from the University of „St.'s Ciril and Methodius" in Skopje.

The main goal is to examine the differences in the value system of students from different faculties.

The Example is consist of 334 students.

Results from the research proved that in the value structure of students the highest place is reserved for the following values: meaning of life; inner harmony; family security and peace in the world.

Other values are different amongst students from differnt faculties.